Лена ДАМОВСКА

**УДК: 159.922.7:316.614**

# НОВ ДИСКУРС ЗА ДЕТЕТО И ЗА ДЕТСТВОТО КАЈ НАС

Последниве години сѐ повеќе се забележува форсирањето на интердисциплинарниот пристап во проучувањето на феноменот на детето и на детството воопшто. Во теоретските расправи, кои се однесуваат на детето и на детството, се пристапува од социолошки, педагошки, психолошки, медицински, правен па и политички аспект. Исто така, во овие расправи се внесува мултипрофесионализмот како значаен тренд во третирањето на прашањата кои се поврзани со детето и детството. Според L. Alanen (4, стр.1) во досегашните ретки социолошки истражувања на „детето и детството, тоа најчесто се поврзува со семејството и со училиштето".

## Креирање на имиџот на детето и детството

Во креирањето на имиџот на детето и детството во едно општество учествуваат многу фактори кои се првенствено условени од поширокото општествено-економско и политичко опкружување. Тука пред сѐ се семејството, воспитно-образовните институции, детските градинки и училиштето, мас медиумите (продукцијата на голем број филмови, серијали за деца, цртани филмови, компјутерски игри, најразлични софтвери...), детската литература, како и индустријата за деца (облека, играчки, храна...).

Сето ова во поширок општествен контекст условува промоција на одредена детска култура.

Во општествата во транзиција, какво што е нашето, се отвори просторот за импровизација и промоција на некоја сосема нова детска

култура како резултат на недефинираниот меѓупростор. Прашање е колку таа новопроизведена, би ја нарекле барби-култура, успеа да го пополни празниот простор по идеологизираниот курикулум. Таа нова квази понуда само го направи поголем просторот на она што значи вистинска потреба на децата и на она што навистина значи детска култура, приспособена на новото време, на новите сфаќања за поимање на детето и детството.

## Новото поимање на детството

Детството, како специфичен период од животот на детето за кое ние говориме, според F. Arijes е продукт на западната култура од 17 век. Во својата книга „Векови на детството", Arijes го истражува детството од историска перспектива, за првпат го открива како феномен, откривајќи дотогаш непознати, нови согледувања за феноменот на детството низ различни временски периоди и како тој се менувал и се третирал низ времето. Долго време на детето се гледа како на „минијатурен возрасен човек", човек кој како квантитативно се разликува од светот на возрасните.

„Детството е културна конструкција. Антрополошките студии укажуваат на културната различност, а со тоа и на релативноста на поимот детство" (3, стр. 34).

Во различни култури периодот на детството е различно третиран. Па дури и временски. Исто така, во рамките на едно исто општество, во различни етнички заедници детето и детството имаат поинаков третман и значење.

Денес на прашањето што е тоа детство голема е веројатноста да се добијат различни одговори. Секој возрасен човек поседува сопствени, автентични, оригинални, многу лични доживувања и искуства за тоа што е детството. Сепак, во денешната култура поимите дете и детство обично асоцираат на: *слобода и среќа, безгрижност, задоволство, период за*

*растење и развој, период ослободен од обврски, период на среќа и задоволство, невиност и чистота, зависност од возрасните и нивната заштита, период резервиран за игра и забава, период за учење и стекнување искуства преку играта, период на беспомошност.*

Дали е тоа навистина така? Каде се конструираат и потхрануваат митовите за среќно и безгрижно детство? Дали детството кај нас е навистина најсреќниот период во животот на човекот? Дали детството какво што ние го знаеме веќе не постои? Дали на детството му претстои сериозна опасност да исчезне?

**Можностите на воспитно-образовниот систем**

Правилното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст е еден од факторите за надминување на предрасудите и стереотипите поврзани со поимање на детето и детството.

Изборот на содржините во курикулумите, пред сè во националниот курикулум наменет за предучилишни деца и начинот на кој тие се реализираат, се една од претпоставките за формирање на здрава детска личност.

Улогата на воспитувачите е исто така многу значајна. „Моделот на воспитувач" е многу означаен од теоретскиот модел на курикулумот. Начинот на кој ќе се имплементира теоретскиот модел на курикулумот, ќе зависи од групата деца, конкретните услови во средината и од тоа како воспитувачот ги доживува и дали воопшто ги почитува децата.

Во авангардната книга „Векот на детето" Ellen Key ќе запише дека нејзин сон и надеж за школото на иднината е „душата на детето слободно и целосно да се развива" (1, стр. 163). Голема несреќа, според Кеу, е кога на детските јасли и градинки се гледа како на „идеален воспитен план" (1, стр. 163).

„Веруваме дека ќе воспитаме нов човек, дека кон децата од две, три години нема да се однесуваме како кон стадо, со нив постојано да се

работи според однапред подготвен план, да им се нудат секогаш исти, глупави, бескорисни активности... голема е вредноста на слободната игра за продлабочување на душата, за ангажирање на духот и фантазијата во споредба со игри и активности кои постојано ги нудат возрасните... да се научат децата да ги презираат сите тие непотребни работи кои го расипуваат животот и го чинат вештачки, да ги подучиме да го поедностават животот и да ги побараат големите вистински вредности - тоа е задача на воспитанието во предучилишниот период. (1, стр. 164)"

И покрај тоа што книгата „Векот на детето" е објавена 1902 година или пред точно 101 година, идеите на Е. Кеу се актуелни и денес особено од аспект на современата методика на предучилишното воспитание и образование. „Ако и во иднина детските градинки бидат неопходни, тогаш тие нека бидат место на кое децата ќе имаат иста слобода како мачињата и кучињата, место на кое ќе можат да си играат, место на кое ќе измислуваат нови игри, во кое ќе имаат многу средства за игра, место на кое ќе има многу деца со кои ќе си играат. И покрај нив, нека седи една паметна жена и нека гледа и нека се вклучи во активноста ако децата си наштетат сами на себе или на другите, нека им помогне, нека им раскаже некоја приказна, нека им покаже некоја нова интересна игра, но во најголеми дел од времето треба да биде привидно пасивна, а всушност многу активна во набљудувањето на детските склоности и карактерни особини кои се гледаат во играта. (1, стр. 165)".

Подоцна слични идеи за воспитување на предучилишните деца ќе забележиме во денес веќе потврдениот и широко прифатен педагошки концепт на Marija Montessori.

**Што значи да се почитува детската личност?**

Длабокото почитување на личноста на детето, неговата автентичност, индивидуалност, неговата компетентност се значајни принципи на кои се потпира современиот курикулум за предучилишното воспитание и образование.

И не само тоа. Во правец на поголема демократизација на предучилишниот курикулум на секое дете на предучилишна возраст, треба да му овозможиме да ја развива својата посебност. Да му се помогне да „биде посебен, поинаков од другите". Да се почитува неговата интимност. Да му се помогне да знае да прави избор и да се почитува изборот на детето. Да се промовира солидарност и мултикултурализам, да се вметнуваат содржини за почитување на другите, без дискриминација. Да се поттикнува критичкото размислување кај децата и во воспитно-образовната работа со нив, да се избегнуваат диктати од кој било вид.

И покрај тоа што целите во курикулумите за предучилишни деца во различни земји на Европската Унија се различни, сепак, во сите курикулуми покрај интелектуалниот развој на децата се забележува зголемен интерес за естетското воспитание, за развојот на креативноста и уметничките способности и за творештвото кај децата.

По примерот на поголемиот број земји од Европската Унија во поставување на целите за предучилишното воспитание и образование, во „Словенија се води сметка и за:

- развивање на способноста за разбирање на себеси и на другите;
- развивање на способноста за договарање, почитување на различностите и учествување во група;
- развивање на способноста за препознавање на чувствата, нивно доживување и изразување;
- негување на разновидноста, негување на духот, развојот на интуицијата и на независното мислење;
- развојот на говорните способности, на говорот, подоцна на читањето и пишувањето;
- способноста за уметничко доживување и изразување;
- развојот на физичките способности;

- поседувањето знаења за различните подрачја на науката и од секојдневното живеење;
- развивањето на самостојност при изведувањето на хигиенските навики и при грижата за здравјето; (3, стр. 51-52)"

**Академска или развојна ориентација**

Денес во теоријата на предучилишното воспитание и образование сè уште постојат остри полемики околу прашањето за тоа која ориентација треба да биде доминантна во курикулумот за предучилишно воспитание и образование „академската" или „развојната". Во зависност од тоа која се прифаќа, денес имаме академски или развојни ориентирани курикулуми и градинки. Во шеесеттите повеќе доминираа академските курикулуми со ставање акцент на акдемските знаења и способности кај предучилишните деца. Подоцна тоа беше жестоко критикувано.

Се разбира, во некои образовни системи, како и до деведесеттите кај нас, идеологијата исто така имаше голем удел во креирањето на курикулумот, форсирањето на основните принципи, „педантниот избор на содржини", а особено во начинот на кој тој се имплементираше во практиката. Идеологијата формираше митови, култ кон одредени личности, промоција на „стого контролирани вредности" многу рано, на предучилишна возраст.

Денес во најголемиот број модели на курикулуми ширум светот се прави компромис и не се изоставаат емоционалните и социјалните компоненти, за сметка на академските. Без разлика колку се жестоки во сите расправи за форсирање на одредени ориентации во курикулумите наменети за предучилишни деца, се забележуваат елементи на педагошките погледи и учења на Pestalozzi, Frobel, Freine (во Европа), Piagete, Vigotski, Erikson, Dewey (во Америка), исто како и елементи на бихевиоризмот, психоанализата, па и многу оригинални теоретски ориентации, како што е антропозофијата на Waldorf.

Од шеесеттите години до денес, во предучилишното воспитание и образование не се појавил ниту еден нов модел на курикулум кој се

базира на сосема нови, досега непознати филозофски, педагошки и психолошки претпоставки за тоа што всушност претставува правилното воспитание и образование на децата. Новите модели на курикулуми се всушност комбинација на претходно споменатите идеи за воспитание и образование на предучилишните деца.

Исто така денес „новите текови во теоријата на воспитанието се поврзани со развојот на културолошките студии. Тие се, пред сè, збир на теоретски правци што ги вклучуваат и поврзуваат идеологијата, политичката теорија, женските студии, психоанализата, филозофијата на стуктурализмот итн.“ (3, стр. 25).

## Улогата на воспитувачот

Без разлика на изборот на содржините во курикулумите, начинот на нивната реализација во голема мера е условен од воспитувачите. Од начинот на кои тие гледаат на детето.

Вообичаените поимања за предучилишните деца се дека тие се „кандидати за иднината“ и во воспитно-образовниот процес постојано ги подготвуваме за нешто. Прво, тоа е подготовка за предизвиците на основното училиште, а подоцна подготовка за толку посакуваниот свет на возрасните. Во книгата „Векови на детството“ може да се забележи дека влезот во вистинскиот живот се поклопува со формалното напуштање на детството.

Сама по себе поделбата на свет на деца и свет на возрасни придонесува за ставање строга граница помеѓу овие два света. Ваквата поделба понатаму продуцира одредени начини на однесување, лицемерно одредување или категоризација на она што е добро, а што лошо, она што е дозволено и она што е забрането и до бескрај строга поделба на правилата на однесување за припадниците на едниот или на оние од другиот свет. За да се влезе во светот на возрасните, треба да се изоди периодот на детството. Правилата на играта ги диктираат возрасните – родителите, воспитувачите, подоцна учителите, наставниците, професорите...

## Скриениот курикулум

Токму затоа улогата на воспитувачите, како што претходно споменавме, е многу голема, без разлика на понудените програмски содржини. Целите во курикулумот можат да се реализираат на многу начини. Стратегија на секој добар воспитувач е да ја почитува групата деца и нивните автентични интереси, потреби и можности. Исто така, претпоставка за квалитетно реализирање на курикулумот е почитувањето на правата на децата, но не само декларативно.

Наспроти официјалниот национален курикулум, во воспитно-образовната работа со децата многу често (понекогаш несвесно) од страна на воспитувачките се форсира скриениот курикулум. Промоцијата на овој курикулум во детските градинки значи зголемена можност за манипулација со децата и нивна индоктринација. „Децата на предучилишна возраст на поттикнувањата од својата средина реагираат појако и на нив тие се почувствителни“. Исто така тие „лесно ги препознаваат очекувањата на воспитувачите во однос на нив“. Затоа и се однесуваат во согласност со она што воспитувачките го бараат од нив. „Невидливото водење“ (5, стр. 12) и воспитување на детето, во детската градинка, може да остави негативни последици во неговиот развој. Затоа, мораме да го смениме дилетантскиот пристап во воспитанието и образованието на предучилишните деца, да се залагаме за зголемување на опфатот на децата во детските градинки, а во промовирањето на целите и задачите на предучилишниот курикулум да се пристапи максимално професионално.

Тоа подразбира и еден нов дискурс на сфаќањата за детето и детството кај нас.

(Рецензент: *Проф. д-р Снежана Адамческа*)

***Клучни зборови***: *дете, детство, курикулум, предучилишно воспитание и образование, детска градинка.*

## Литература


1. Key, Ellen. (2000), Stoljeće djeteta, Zagreb:Educa
2. Arijes, Filip. (1989), Vekovi detinjstva, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
3. Bahovec, Eva D. & Kodelja, Z. (1996), Vrtci za današnji čas, Ljubljana: Center za kulturološke raziskave pri pedagoškem institutu
4. Wyse, D. & Hawtin A. (Ed.) (2000), Children a multi-professional perspective, London: ARNOLD
5. Marjanović-Umec, Lj. (Ured.) (2001), Otrok v vrtcu-priročnik ȟ kurikulu za vrtce, Ljubljana: Založba Obzorja
6. Marjanović-Umec, Fekonja, U. Kavciv, T. & Poljanšek, A. (Uv.) (2002), Kakovost v vrtih, Ljubljana: Znastveni institut Filozofske fakultete
7. Bruner, J. (1996), Kultura obrazovanja, Zagreb: Educa
8. Evans, J. L. (Ed.) (2000), Early Childhood Counts, Washington, D. C.: The World Bank
9. David, T. (Ed.) (1998), Researching Early Childhood Education: European Perspectives, London: Paul Chapman Publishing Ltd.

## SUMMARY

Lena DIMOVSKA

## A NEW DISCOURSE ABOUT THE CHILD AND THE CHILDHOOD IN OUR COUNTRY

This article analyses the possibilities of change of the common views and attitudes about the child and the childhood in particular, as a distinct development period in the life of every human being. It is done mainly from a pedagogical aspect and in the view of the opportunities that our concept for the development of the pre-school education offers.


***Key words:*** *child, childhood, preschool education, curriculum, kindergarden.*